Врз основа на член 6 од Уредбата со законска сила за формирање на Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.106/20, 139/20, 140/20 и 157/20), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 13 јуни 2020 година, донесе

ОДЛУКА
за изменување и дополнување на Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID - 19

Член 1
Во Одлуката за начинот на исплата на средства од сметката за донација на Фондот за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID – 19 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 140/20), во член 2 став 1 во алинејата 2 по зборот „состојба“ сврзникот „и“ се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 3, која гласи:

„-естрадните уметници согласно Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на естрадните уметници за време на вонредна состојба;“

По алинејата 3 која станува алинеја 4 се додава нова алинеја 5 која гласи:

„Радиодифузерите кои од регулаторното тело надлежно за работите од областа на радиодифузија добиле дозвола за емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит, за надомест на трошоците за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година, согласно Уредбата со законска сила за формирање Фонд за помош и поддршка за справување со кризата предизвикана од Коронавирусот COVID-19.“

Во ставот 2 зборовите „алинеите 1 и 2 на овој член“ се заменуваат со зборовите „ став 1 алинеите 1 и 2 на овој член,“.

По ставот 2 се додава нов став 3, кој гласи:

„Средствата од алинејата 3 од став 1 на овој член, се исплаќаат врз основа на доставени барања за користење на финансиска поддршка на естрадните уметници, до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, по кои Генералниот секретар донесува решенија за утврдување право на финансиска подршка на естрадни уметници.“

По ставот 3 кој станува став 4 се додава нов став 5 кој гласи:
„ Средствата од став 1 алинеја 5 на овој член, се исплаќаат на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи врз основа на нивните месечни извештаи

доставени до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, со детален преглед за надомест на трошоците на радиодифузерите од став 1 алинеја 5 на овој член, за пренос на сигнал (дотур на модулации) за 2020 година.".

Во ставот 3 кој станува став 4, зборовите „алинеа 3 на овој член" се заменуваат со зборовите „став 1 алинеја 4 на овој член,".

Во ставот 4 кој станува став 6 зборовите „ставовите 2 и 3" се заменуваат со зборовите „ставовите 2, 3, 4 и 5".

Во ставот 5 кој станува став 7 зборовите „алинеите 1 и 2 на овој член" се заменуваат со зборовите „алинеите 1, 2 и 3 од став 1 на овој член,".

Во ставот 6 кој станува став 8 зборовите „алинеа 3 на овој член" се заменуваат со зборовите „став 1 алинеја 4 на овој член," а зборовите „ставот 3" се заменуваат со зборовите „ставовите 4 и 5".

Член 2

По членот 2 се додава нов член 2-а, кој гласи:

„Член 2-а

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги доставуваат месечните извештаи за првиот и вториот квартал од 2020 година до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Исплатата на средствата од член 2 став 5 од оваа одлука за месечните извештаи од првиот и вториот квартал за 2020 година, се врши во рок од осум дена, сметано од денот на доставата на извештаите од ставот 1 на овој член.

Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги доставуваат месечните извештаи од член 2 став 5 од оваа одлука за останатите месеци од 2020 година до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, најдоцна до петнаесеттиот ден од месецот за кој се однесува извештајот. Исплатата на средствата од член 2 став 5 од оваа одлука се врши во рок од осум дена сметано од денот на доставата на месечните извештаи од ставот 3 на овој член.".

Член 3

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44- 5535/1**
**13 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**